ВЛАДА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GOVERMENT OF
THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
CRISIS MANAGMENT CENTER

## БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**ЈАНУАРИ - ФЕВРУАРИ 2018**




**Конференција за идентификување на лекции од ЕАДРЦЦ вежбата „Босна и Херцеговина 2017“, Софија, Република Бугарија**




**Центарот за управување со кризи и Министерството за внатрешни работи на Република Македонија зедоа учество на конференцијата за идентификување на лекции од ЕАДРЦЦ вежбата „ Босна и Херцеговина 2017“, која се реалзира во период од 29-31 јануари 2018 година во Софија, Република Бугарија.**

**Овој настан е трет во низа кој го организира Евроатлантскиот центар за координација на одговор при катастрофи (EADRCC) и Центарот за извонредност од областа на кризен менаџмент и олеснување при катастрофи (CMDR COE) за учесниците на ЕАДРЦЦ вежбите.**

**Цел на конференцијата беше преку дискусија да се идентификуваат и споделат најдобрите практики и научените лекции од вежбата „ Босна и Херцеговина 2017“, релизирана во периодот од 25-29 септември 2017 во Тузла. Босна и Херцеговина.**



## Координативен состанок со дел од невладините организации



**ЦУК, 03.01.2018 - Во Центарот за управување со кризи, директорот пмр Агрон Буџаку, оствари средба со претставници на дел од невладините организации кои во изминатиот период реализираа хуманитарни активности во транзитните центри Табановце и Гевгелија.**

**Целта на состанокот беше да се направи анализа на досегашните активности кои овие организации ги имаат остварено, а исто така се разгледаа и можностите и плановите за нивно делување во иднина.**

## Воспоставување на единствениот европски број за итни повици Е-112

ЦУК, 07.02.2018 - Владата на Република Македонија на 53-та редовна седница ја разгледа и усвои информацијата за потребата од воспоставување на единствен комуникациско – информативен систем со единствениот европски број за итни повици Е-112 во Република Македонија, како и предлог-уредбата за утврдување на оперативните постапки за меѓусебна комуникација, координација и постапување на субјектите во системот за управување со кризи.

Владата го задолжи Центарот за управување со кризи во наредниот период, заедно со неколку надлежни министерства, како и институции да најде начин за обезбедување финансиски средства потребни за реализација на активностите.



## Состојба по обилните врнежи од дожд на територијата на Македонија (04.02.2018)

**Скопски регион**
**Во општина Сарај кај „Клучката Матка“, во близина на бензинската станица „Бис Оил“, дошло до поплавување на подвозникот. Известени се надлежните служби кои информираа дека ќе поставaт патна сигнализација до понеделник, а во понеделник ако има потреба ќе интервенираат.**

**Битолски регион**
**Во општина Демир Хисар има излевање на Река Црна на повеќе места по должината на речното корито на потегот од с.Долеци до с.Бучин. Поплавени се поголеми обработени земјоделски површини. Отсечен е и локалниот патен правец за с.Мало Илино и селскиот водовод каде во моментов се интервенира со две градежни машини. Свлечиште има на локалниот патен правец за с.Вирово каде интервенираше една градежна машина и во моментов интервенцијата е завршена и патот е прооден. Исто така има и свлечиште на локалниот патен правец за с.Базерник каде во моментов се интервенира со една градежна машина и интервенцијата е во тек. Под вода и тешко прооден е и региолналниот патен правец Р2339 на потегот од с.Граиште до с.Бараково.**

**Охридски регион**
**На подрачјето на општина Охрид, како последица од врнежите од дожд забележено е зголемување на водостоите во речните корита особено на река Сатеска и река Коселска и излевање на истите на одредени локации при што се поплавени помали земјоделски површини. Не се забележени поплавени станбени објекти. Екипи на ЕЛС Охрид се на терен и превземаат соодветни активности за санирање на состојбата.**
**Во општина Кичево има поплавено поголем број на станбени објекти и помошни простории. Исто така во с.Другово има поплавени улици и дворови. Екипа на ЕЛС Кичево, полиција, Раководителот на РЦУК Кичево извршија увид на состојбата, а за краток временски период закажан е состанок во просториите на општина Кичево на кој ќе учествуваат претставници од сите релевантни институции за да договорат какви активности ќе се превземат во наредните денови. На патниот правец Р – 1305 Кичево – Битола на 1-ви км. има излевање на вода на патот во должина 300 – 400 м. На самото место поставена е соодветна сообраќајна сигнализација.**
**Во општина Струга, во населбата Плитишта забележано е поплавување на дел од улиците и дворни места.**
**Во општина Македонски Брод забележено е излевање на одредени локации на река Треска при што се поплавени помали површини на необработено земјиште (ливади). Во текот на денот екипи на ЕЛС Македонски Брод ја санираат состојбата во Самоков каде во текот на ноќта беа поплавени Полициската станица, мотел, амбулантата и детската градинка.**

**Тетовски регион**
**Од жители на с.Ѓермо, добиено е известување дека патниот правец од с.Порој кон планинското с.Ѓермо, е во прекин заради одрон на земјиште и камења, во различна големина. Веднаш се известени надлежните за да изврши расчистување на патот. Состојбата се следи.**

## Состојба по обилните врнежи од дожд до 8:30ч. 05.2.2018



**Скопски регион**
**По обилните врнежи во текот на викендот во општина Сарај кај „Клучката Матка“, во близина на бензинската станица „Бис Оил“, дојде до поплавување на подвозникот. За состојбата беа известени надлежните служби за да навремено интервениратт.**

**Битолски регион,**
**Во општина Демир Хисар има излевање на Река Црна на повеќе места по должината на речното корито на потегот од с.Долеци до с.Бучин. Поплавени се поголеми обработени земјоделски површини. Санирани се сите отсечени патни правци и свлечишта и во моментов се проодни.**

**Охридски регион**
**На подрачјето на опш. Охрид, забележено е опаѓање на нивото на водотеците. Екипи на ЕЛС Охрид во текот на вчерашниот ден вршеа санација на одредени критични точки каде имаше излевање на реките од своите корита. Во Охрид не е забележено поплавување на станбени објекти.**
**Во опш.Кичево обилните врнежи од дожд предизвикаа излевање на реките Треска и Зајашка река како и на други помали водотеци, при што беа поплавени стотина куќи. Екипи на ЕЛС Кичево во текот на вчерашниот ден превземаа соодветни активности за санирање на состојбата. Еден дел од семејствата кои немаат услови да престојуваат во нивните домови ќе бидат сместени во спортската сала Христо Узунов каде со посредство на Центарот за социјални работи и Црвениот Крст од Кичево се обезбедени душеци за спиење, ќебиња, облека и пакети со храна.** **( продолжува стр. 4 )**

**Во опш.Струга, во населбата Плитишта забележано е поплавување на дел од улиците и дворни места.**
**Во опш.Македонски Брод попладнето забележано е постепено намалување на водостојот на реката Треска. Екипи на ЕЛС Македонски Брод во текот на вчерашниот ден вршеа санација на состојбата на поплавените објекти во Самоков кои беа поплавени во текот на претходната ноќ. Исто така превземени се активности за санирање на одредени критични места по течението на реката Треска.**
**Во с.Девич поради дефект на водоводната мрежа нема вода за пиење. Населението во текот на денот со вода беше снабдувано со цистерни.**

**Тетовски регион**
**Во општина Тетово во текот на вчерашниот ден со багер е интервенирано на локалниот пат кој води до месноста Баниче кој беше затрупан од одрон на земја и камења. Истиот беше расчистен, но околу 20:30 часот добиено е известување дека истиот е повторно затрупан со големи карпи и земја. Од страна на РЦУК Тетово известен е кризниот штаб на опш. Тетово од каде добиена е информација дека ќе интервенираат во утринските часови заради безбедност, затоа што патот е со многу лоша конфигурација и од едната страна има висока бездна.**

**Велешки регион**
**На ул.Коле Цветков во Велес дошло до одрон на карпа која направила штета на семејна куќа. Известени се одговорните од ЕЛС Велес кои веднаш излегле на терен. После извршениот увид утврдено е дека се работи за приватен имот и се разгледуваат мерките кои ќе се превземат.**
**Исто така, во текот на вчерашниот ден на мостот кај Башино Село се закачило големо дрво на кое потоа се наталожиле пластични шишиња од околу 5 м3. Со помош на механизација наносот е исчистен и мостот е обезбеден.**




## Соопштение до средствата за јавно информирање во врска со најавите за врнежи од дожд

09 Февруари 2018

**Според најавите добиени од Управата за хидрометеролошки работи, под влијание на влажна и постудена воздушна маса за време на претстојниот викенд ќе има врнежи од дожд, а на повисоките места и планините врнежи од снег. Пообилни врнежи ќе има во јужните и југозападните делови, особено во сабота. Вкупната количина на наврнат воден талог во овие делови се очекува да надмине 30 л/м2. Границата на снежните врнежи ќе биде пониска во недела и ќе се спушти до околу 800 мнм. На повеќе места ќе се формира снежна покривка, а на планините во западните и јужните делови позначително ќе се зголеми.**

**Новите врнежи дополнително ќе влијаат на водотеците и суводолиците и се очекува во текот на вечерта и ноќта сабота спрема недела да започнат нови покачувања на водостоите главно во јужните и западните делови од државата. Во сливовите каде врнежите ќе бидат од снег, покачувањата ќе одат позабавено во однос на сливните подрачја каде врнежите ќе бидат од дожд. Иако не се очекуваат поголеми количини на врнежи, сепак поради влажните почви и нивната мала способност да впијат поголеми количини на вода, треба да се внимава на можна појава на локални излевања на веќе познати критични места и тоа во сливовите на реките Треска (горен тек со притоките), Црна Река (горен тек со притоките), притоките на р.Радика и Црн Дрим, притоките на р.Вардар (горен тек), реките околу Баба Планина, Нице, Кожув, Бабуна.**

**Со цел навремено преземање на превентивни активности за намалување на ризиците од појава на поплави, Центарот за управување со кризи ги извести Единиците на локална самоуправа и препорача да ги задолжат јавните претпријатија и останатите субјекти во нивните општини, да бидат подготвени и да извршат проверка на сите критични места на кои е можно излевање и поплавување, да се провери состојбата со мрежата на одводните канали и на другите водни објекти на нивна територијата, со цел утврдување дали истите ја обезбедуваат потребната водопропусност за нормален тек на водата. Потребно е општините да ги известат и земјоделците да ги заштитат земјоделските површини на кои имаат засадено култури.**

**Ги потсетуваме граѓаните доколку имаат потреба да го користат бесплатниот телефонски број за итни повици на Центарот за управување со кризи - 195.**

## На Попова Шапка спасени двајца француски државјани



**ЦУК, 11.02.2018 - Од РЦУК – Тетово, известуваат дека во текот на вчерашниот ден во попладневните часови (15:20 ч.) добиле информација дека на Попова Шапка се изгубиле двајца Француски државјани. Од нивна страна стапено е во контакт со Полициска станица Попова Шапка кои веднаш почнале потрага по изгубените лица. Полициските службеници заедно со планинарското друштво по час и половина ги лоцирале, а за кратко време и пронашле. Околу 18 часот, со ратрак ги пренеле изгубените лица во полициската станица. Истите биле живи и здрави, но премрзнати.**




## Соопштение за јавноста

13 Февруари 2018

Според најавите добиени од Управата за хидрометеролошки работи, под влијание на влажна и постудена воздушна маса ќе има врнежи од дожд, а на повисоките места и планините врнежи од снег.

**Им се препорачува на граѓаните кои планираат посета на планина, планираната насока на движење да ја пријават во најблиската полициска станица.**

Поради влажните почви и нивната мала способност да впијат поголеми количини на вода, треба да се внимава на можна појава на локални излевања на веќе познати критични места и тоа во сливовите на реките Треска (горен тек со притоките), Црна Река (горен тек со притоките), притоките на р.Радика и Црн Дрим, притоките на р.Вардар (горен тек), реките околу Баба Планина, Нице, Кожув, Бабуна.

**Ги потсетуваме граѓаните доколку имаат потреба да го користат бесплатниот телефонски број за итни повици на Центарот за управување со кризи - 195.**

## Состојба по обилните врнежи од снег до 20:00 ч. (13.02.2018)

**Охридски регион - По обилните врнежи од снег на територијата на општина Кичево од ЈП Студенчица – Кичево излезена е екипа на терен за чистење на снегот според програмата за зимско одржување на патишта и приоритети. На расчистување на снегот (наврнати се околу 30 см снег) работи екипа од Македонија Пат секција Кичево, како и субјекти кои имаат потпишано договр за одржување на патишта во зимски услови. Истите работат по план и програма за одржување и имаат поминато 10 села, а во Зајашкиот и Осломејскиор регион го поминуваат по втор пат. Осломејскиот и Зајаскиот регион моментално се без електрична енергија поради скинати жици од далекoводите.**

**Тетовски регион - Како последица на врнежи на снег, на патниот правец Крак Маврово - Дебар во близина на манастирот Бигорскиот манастир (кај бензинската станица) од околу 18:00 часот сообраќајот е целоснен прекин заради лавина на патот. На терен е испратена механизација од Македонија пат. Известени за настанот се МВР и ДЗС Гостивар. Сообраќајот е отежнат и на повеќе места има прекин на снабдувањето со електрична енергија.**

**<u>Сообраќај</u> - Воведена забрана за движење на патнички возила на планинскиот премин Ѓавато.**
**Воведена забрана за тешки товарни возила и автобуси на патниот правец Тетово – Попова Шапка**
**Воведена забрана за тешки товарни возила на патните правци Струга – г.п. Ќафасан, крак Маврово – Дебар, крак Стража – с. Колари и обратно, како и на планинските премини Пресека, Буково и Ѓавато.**

**<u>Прекини во снабдување со електрична енергија</u> - Од ЕВН Македонија е добиена информација за моментални дефекти во електро мрежата:**
**Гостивар – селата Трница, Врбјане, Беличица, Нистрово, Маврово и околните села;**
**Тетово – селата Добриште, Одри и Јелошник, Сиричино, Шемешево, Жилче, Рарате, Боговиње и околните села;**
**Дебар – селата Жировница, Видуше, манастирот Св. Јован Бигорски и селата од Реканскиот крај према Центра Жупа;**
**Струга – селата Подгорци, Лабуништа, Боровец, Муштовци, Мороишта, Драслајца, Ливада и Корошишта;**
**Берово – дел од градот, према Аурора, Беровско езеро и брана;**
**Кичево – селата Белица, Другово, Козица, Лавчани, Добреноец, Србица, Доленци, Карбуница, Лисичани,Челопеци, Битово-Косово и Растеш;**
**Ресен – селата Јанковец, Златари, Кривени, Избиште - 10кв;**
**Кавадарци – селата Мокриште, Вила Бела, Гарниково, Тимјаник, Горни Дисан, Вешје и Барово;**
**Охрид – селата Лескоец, Косел и Опеница**

## Состојба по обилните врнежи од снег до 09:00 ч. 14.2.2018

**Кумановски регион - Во општина Крива Паланка патниот правец Крива Паланка – с.Огут – с.Нерав е тешко прооден освен за теренски возила во зимски услови. Висината на снежната покривка изнесува од 30 до 40 см. Локалниот пат с.Дурачка Река место викано Метов – с. Дренак е непрооден.  Патниот правец Ранковце -с.Герман е непрооден поради големи наноси од снег. Во општина Кратово во планинскиот дел од општината сообраќајот се одвива отежнато поради снегот кој го има околу 30 см. до м.в.Лисец с.Нежилово може да се одвива само со теренски возила и зимска отпрема а понатаму до с.Каврак поради висина на снегот од 50-60 см е непрооден за возила.**

**Тетовски регион - Во моментот непрооден е патот во с.Почарани, општина Врапчиште. Поради лавина на патот Маврово-Дебар во близина на Бигорскиот Манастир, истито е во прекин, се работи за многу голем одрон и се очекува истиот да биде исчистен денеска.**

**Велешки регион - Во општина Кавадарци Македонија пат интервенира со механизација. Помали одрони евидентирани се на патот кон с.Фариш и месноста Катуниште.**

**Сопски регион - Патниот правец кој води кон селата Танушевци, Малино и Брест е непрооден и истие населени места од утрово се без електрична енергија.**

**Кичевски регион - Во општина Кичево Не се исчистени патиштата до селата Ехлоец, Иванчишта, Душегубица, Крушица и Патеец.**

**Струшки регион - Во општина Струга, не се исчистени патните правци за селата во Малесијата, како и кон селата Брчево, Богојци, Модрич, Нерези, Пискупштина, Луково, Дренок, Горна Белица, Вишни, Бороец и Јабланица. Вода нема цела општина Струга и Вевчани поради тоа што нема струја на пумпните станици. Во општина Македонски Брод, локалните патни правци кон селата Битово, Брезница, Горно Ботушје, Горно и Долно Крушје се одвива во отежнати зимски услови и само за теренски возила. Сообраќајот кон с.Косово е во прекин поради падната бандера и паднати дрвја на патот.**

**Дебарски регион - Во општина Дебар, патниот правец Дебар – Скопје поради лавина во близина на манастирот Бигорски е во прекин во двата правци.**

**ЗАБРАНИ ЗА ТЕШКИ ТОВАРНИ ВОЗИЛА: Забрани за тешки товарни возила има на патните правци Струга – г.п. Ќафасан, крак Маврово – Дебар, крак Стража – с. Колари во двата правци, На патниот правец Тетово – Попова Шапка има забрана за тешки товарни возила и автобуси.**

## Појава на свлечиште во село Долно Косоврасти

**На 15.02.2018 година појавено е свлечиште во селото Долно Косоврасти. На местото на настанот беше излезена екипа составена од преставници на МЗ Долно Косоврасти, ЕЛС Дебар, ДЗС и РЦУК Дебар. При увидот беше констатирано дека на дел од локалната селска улица на местото викано Шабановци, има појава на свлечиште при што е срушен потпорниот ѕид и оштетена улицата во должина од 10 – 15 метри. Исто така е констатирано дека самото свлечиште е резултат на подземните води кои се покачени по послените обилни врнежи од дожд, а кои истекуваат на површината над самата локација и подолу од местото каде на станато свлечиштето. Имајќи предвид состојба на теренот се предлага надлежните органи да се преземат итни мерки за одводнување на површинските води со дренажа и нивно насочување кон природниот водотек (Елица), за да не се појави поголемо свлечиште.**



## СТУДЕН БРАН

(заладување, врнежи од снег, формирање на снежна покривка)




25 Февруари 2018 - Според Управата за хидрометеоролошки работи од денес ќе бидеме под влијание на многу студена и влажна воздушна маса што ќе услови заладување и врнежи од снег во целава земја. Пообилни врнежи ќе има денес во текот на ноќта и во понеделник претпладне кога насекаде ќе се формира снежна покривка (на пониските места околу 10-15 см, а на планините ќе се зголеми над 30 см). Ќе дува умерен, долж Повардарието и засилен северен ветер.

Во вторник слаби врнежи од снег се уште ќе има само во западните делови од земјава, во останатите ќе настапи делумно разведрување што ќе се задржи и во среда.

До четврток температурите ќе бидат значително под просекот за овој период од годината.

Вредностите на дневната температура речиси насекаде ќе се задржат под нулата. Утринските температури од вторник до четврток на места ќе се спуштаат и под -10 степени.

Врнежи од снег ќе има и во Скопската Котлина, почнувајќи од утре претпладне, а пообилни ќе бидат ноќта кон понеделник. Ќе се формира и снежна покривка од околу 10 см.

## Состојбата во Македонија по обилните врнежи од снег до 14 часот - 26 Февруари 2018

**Скопски регион - Во општина Кисела Вода, патните правци од Марков Манастир до селата Црн Врв и Патишка Река, не се проодни за сообраќај за сите видови возила, како и во општина Зелениково, патните правци од станицата Зелениково до селата Добрино и Дејковец. Во општина Чучер Сандево, патниот правец кон селата Брест, Малино и Танушевци е непрооден и истите во моментот немаат ниту електрична енергија.**

**Прилепски регион- Во општина Крушево регионалниот патен правец Крушево – Пуста Река не е прооден.**
**Гевгелиски регион - Во општина Валандово локалниот пат Чалакли – Башибос не е прооден.**

**Струшки регион- Во општина Струга, непрооден е патниот правец што ги поврзува селата во Малесија односно патниот правец од с.Присовјани до хидрецентралата Глобочица и патниот правец с.Бороец – с.Јабланица.**

**Велешки регион - На подрачјето на општина Чашка, сообраќајот се одвива отежнато со користење на зимска опрема, освен локалниот пат с.Богомила – с.Нежилово – с.Ореше кој е непрооден и со користење на зимска опрема. Се превземаат активности за расчистување на снегот на локалниот пат с. Дреново – Долно и Горно Јаболчиште. Во општините Свети Николе и Лозово, во моментот, поради снежни намети створени од силниот ветер, не се проодни патните правци кон селата Кнежје, Орел, Трстеник, Павлешенци, Малино, Крушица, Преод и Долно Ѓуѓанци.**

**Штипски регион - Во општина Штип непроодни се патиштата према ридско планинските села Шашаварлија, Брест, Горачино, Танатарци, Пухче и Љуботен. Во општина Карбинци, непроодни се сите ридско планински села на планината Плачковица, што е условено со чистење на регионалниот пат с.Аргулица – одморалиште Плачковица.**

**Кумановски регион - Во општина Липково, патните правци кои гравитират кон планинските села се непроодни. Во општина Крива Паланка, Регионалниот пат Крива Паланка – с.Огут е непроден, отсечени се селата Габар, Метежево, Огут и Нерав. Регионалниот пат Крива Паланка – с.Луке е прооден во зимски услови. Локалниот пат с.Дурачка Река, м.в.Метов – с.Дренак е непрооден. Регионалниот патен правец Ранковце – с.Герман е непрооден.**

**Гостиварски регион - Во општина Маврово – Ростуше патниот правец кон с.Галичник е непрооден. Во општина Врапчиште сите патни правци се проодни, освен кон Пожаране и Ломница кои сеуште не се проодни.**

**Од Македонија Пат и АМСМ известуваат дека Забрани за тешки товарни возила кои уште се на сила на патните правци Крак Маврово – Дебар, Крак Стража – Кичево и на планинските премини Пресека и Ѓавато.**

## Состојбата во Македонија по обилните врнежи од снег до 12 часот 27 Февруари 2018

**Скопски регион - Во Општина Чучер Сандево патните правци кои водат кон селата Танушевци, Брест и Малино, се непроодни и истите немаат електрична енергија.**

**Прилепски регион - Во општина Прилеп регионалниот пат Прилеп-Витолиште е прооден со зимска опрема. Во општина Демир Хисар непроодни се локалните патни правци за населените места Големо Илино, Мало Илино, Зашле, Велмевци и Радово . Прекин во напојувањето со електрична енергија има во населените места Мало Илино, Големо Илино и Железнец. Екипи од ЕВН работат на отстранување на дефектот.**

**Кичевски регион- Во општина Кичево моментално непроодни се планинските села Патеец, Козичини, Јудово, Ехлоец, Иванчишта, Душегубица, Малкоец, Кнежино и Осој. Од ЕВН информираат дека поради проблеми со наврнатиот снег без електрична енергија се селата; Белица, Брждани, Свињишта, Козица и Кладник.**

**Струшки регион - Во општина Струга, непрооден е патниот правец што ги поврзува селата во Малесија односно патниот правец од с.Присовјани до хидроцентрала Глобочица и патниот правец с.Боровец-с.Јабланица.**

**Велешки регион- На подрачјето на општина Чашка сообраќајот се одвива отежнато со користење на зимска опрема, освен локалниот пат с.Богомила-с.Нежилово-с.Ореше кој е непрооден и со користење на зимска опрема. Се превземаат активности за расчистување на снегот налокалниот пат с. Дреново-Долно и Горно Јаболчиште. Во општините Свети Николе и Лозово, не се проодни патните правци кон селата Трстеник, Малино, Крушица и Алакинци.**

**Штипски регион- Во општина Штип и Карбинци, во мометот непроодни се патиштата према ридско планинските села Шашаварлија, Брест, Горачино, Танатарци, Пухче и Љуботен.**

**Кумановски регион- Во општина Куманово патот за Арбанашко сеуште не е расчистен, расчистено е до с.Жегљане. Во општина Липково, патните кои гравитираат кон планинските села за Алишевце,Гошинце се непроодни. Во општина Крива Паланка: Регионален пат Крива Паланка- с. Огут е прооден само со теренско возило; Регионален пат Крива Паланка- с. Луке е прооден во зимски услови; Локалниот пат с.Дурачка Река место викано Метов – с. Дренак е непрооден; Регионалниот патен правец Ранковце -с.Герман е проден само со теренско возило.**

**Гостиварски регион**
**Во општина Маврово – Ростуше, патиштата од Долна и Горна Река се проодни, а патниот правец кон с.Галичник е непрооден. Од Македонија Пат и АМСМ известуваат дека забрани за тешки товарни возила се уште се на сила на патните правци крак Маврово - Дебар, Гостивар – Кичево преку Стража, Дебар-Струга и на планинскиот премин Пресека.**




## Состојбата во Македонија по обилните врнежи од снег до 14 часот 28.2.2018

**Скопски регион- Во општина Зелениково прооден е патот до станица Зелениково. Патните правци до сите други села се непроодни. Во општина Чучер Сандево патните правци кои водат кон селата Танушевци, Брест и Малино, се непроодни и немаат електрична енергија поради дефект на 10 КВ далновод.**

**Прилепски регион- Во координација со Македонија Пат, РЦУК Прилеп и Гранична Полиција договорено е да се пушти возило за опесочување на регионалниот пат Прилеп – Витолиште кој е прооден со зимска опрема. Во општина Демир Хисар патниот правец за с.Радово е непрооден и поради паднат електричен столб каде дел од населеното место е без напојување со електрична енергија.**

**Ресенски регион- Во општина Ресен поради дефект без електрична енергија се селата Љубојно, Брајчино и Долно Дупени.**

**Кичевски регион- Во општина Кичево во моментот има прекин со електрична енергија во селата Цер, Кладник, Црско, Вранештица, Извор, Душегубица, Попоец, Малкоец и Иванчишта.**

**Дебарски регион- Во општините Дебар и Центар Жупа непрооден е патот кон с.Лазарополе.**

**Велешки регион- На подрачјето на општина Чашка сообраќајот се одвива отежнато со користење на зимска опрема, освен локалниот пат с.Богомила - с.Нежилово – с.Ореше. Во општините Свети Николе и Лозово во моментот, поради снежни намети створени од силниот ветер, не се проодни патните правци кон селата Трстеник, Сопот, Преод, Малино, Крушица и Алакинци, Стањевци, Павлешенци, Долно Ѓуѓанци, Орел, Ранченци, Мечкуевци, Патетино, Мустафино и Црнилиште.**

**Кумановски регион- Во општина Липково патните правци во планискиот дел кој гравитират кон селата Алишевце и Гошинце се проодни но сообраќајот се одвива во отежнати зимски услови. Во општина Крива Паланка локалниот пат с.Дурачка Река - место викано Метов – с. Дренак е непрооден.**

**Гостиварски регион- Во општина Маврово – Ростуше непрооден е само патот до с.Галичник.**

**Од Македонија Пат и АМСМ известуваат дека сеуште се на сила забраните за сообраќај за тешки товарни возила на патните правци крак Маврово – Дебар и Гостивар – Кичево преку планинскиот превој Стража се сеуште на сила.**





Билтен на Центарот за управување со кризи на Република Македонија
(електронско издание)

Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија
Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол
Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје

контакт: тел: 3 249 101 факс: 3 249 102
веб: www.cuk.gov.mk
e-mail. mail@cuk.gov.mk